ДО: ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Одговорни лица за социјална заштита

ОД: ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ „ВИЗИЈА“ – КАВАДАРЦИ

ПРЕДМЕТ: Предлог за формирање мултисекторски стручен тим за заштита и поддршка на жртвите на семејно и родово базирано насилство

Почитувани,

Здружението за родова еднаквост „Визија” Кавадарци, во рамки на своите активности за застапување и унапредување на заштитата од семејно и родово базирано насилство, доставува предлог до Општина Кавадарци за иницијатива за формирање на мултисекторски стручен тим.

Предлагаме тимот да биде составен од претставници на релевантните институции и организации, со цел следење на состојбите, координација на активностите и предлагање конкретни мерки за унапредување на системот за заштита и поддршка на жртвите.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ

Заштитата од семејно и родово базирано насилство бара континуирана соработка меѓу локалната самоуправа, социјалните служби, полицијата, здравствените и образовните установи и граѓанските организации. Секоја од овие институции и организации има своја улога, а нивното поврзување е значајно за навремено препознавање на насилството, соодветно упатување и достапност на потребната поддршка. Формирањето мултисекторски тим би овозможило редовна комуникација меѓу релевантните чинители, согледување на недостатоците во постојните услуги и заедничко планирање активности. Регионалниот пристап би придонел и за подобра достапност на поддршката за лицата од помалите општини и руралните средини.

ПРЕДЛОЖЕН СОСТАВ НА ТИМОТ

Предлагаме во тимот да бидат поканети претставници од:

- Општина Кавадарци одговорни за социјална заштита
- Надлежниот Центар за социјална работа
- Надлежни полициски служби
- Здравствените установи
- Основните и средните училишта и детска градинка
- ЗРЕ „Визија" и други граѓански организации и даватели на услуги на жртви на семејно насилство.

Во зависност од темите и потребита, предлагаме работните средби да вклучуваат и други стручни лица како психолози, социјални работници, правници и претставници на младинските организации. Секоја институција и организација би номинирала претставник.

ПРЕДЛОЖЕНИ ЗАДАЧИ НА ТИМОТ

Предлагаме работата на тимот да биде насочена кон:

- Следење на состојбите и потребите во општината преку збирни информации
- Идентификување на пречките во пристапот до заштита, советување, правна и психосоцијална поддршка.
- Подобрување на комуникацијата и координацијата меѓу институциите и организациите.
- Подготвување преглед на достапните услуги и контакт лица за упатување.
- Предлагање обуки и работилници за вработените во релевантните институции.
- Планирање превентивни и едукативни активности за младите и поширокаата заедница.
- Предлагање мерки и активности што општините би можеле да ги вклучат во своите програми и буџети.
- Периодично разгледување на спроведените активности и подготовка на препораки за понатамошно подобрување.

Тимот ќе има координативна и советодавна улога, при што секоја институција би предложила да постапува во рамки на своите надлежности.

ПРЕДЛОГ ЗА НАЧИН НА РАБОТА

Предлагаме формирањето на работата на тимот да се уредат преку заеднички меморандум за соработка меѓу вклучените институции и организации.

На почетната средба ќе се утврди составот , координаторот, контакт-лицата, начинот на комуникација и приоритетите за работа. Потоа ќе се подготви годишен план со конкретни активности, носители и временска рамка. Предлагаме редовните состаноци да се одржуваат

најмалку еднаш на три месеци, а по потреба и почесто. За секој состанок да се подготвува записник со заклучоци, договорени задачи и рокови.

Работата треба да се заснова на доверливост, почитување на достоинството и безбедноста на жртвите и внимателно постапување со информациите. За следење на состојбите ќе се користат збирни и анонимизирани податоци, без откривање на идентитетот на жртвите.

ПРЕДЛОЖЕНИ ЧЕКОРИ ЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Во оваа насока, ја повикуваме Општина Кавадарци:

1. Да го разгледа доставениот предлог и да назначи контакт- лице за понатамошна комуникација.
2. Да поддржи организирање на почетна координативна средба со релевантните институции и организации.
3. Заедно со заинтересираните чинители да го разгледа начинот на формализирање на соработката.
4. Да ги разгледа можностите за обезбедување простор и организациска поддршка за работните средби

ЗРЕ „Визија" изразува подготвеност да придонесе во подготовката на почетната средба, поврзувањето на релевантните чинители, дефинирањето на приоритетите и планирањето на заедничките активности.

Сметаме дека оваа иницијатива може да придонесе кон координиран и подостапен систем за заштита и поддршка на жртвите на семејно насилство.

Однапред Ви благодариме за соработката

Со почит,

Здружение за родова еднаквост „Визија" Кавадарци

Претседателка
Благица Коцева Тодорова